Совет на Град Скопје
Këshilli i Qytetit të Shkupit

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија” број 202/24) и член 21-б од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21 и 3/25), Советот на Град Скопје на четиринаесеттата седница, одржана на 9 јуни 2026 година, донесе

## План за изменување и дополнување на планот на програмите за развој за периодот 2026 – 2028 година

**Член 1**

Планот на програмите за развој претставува среднорочен приказ на програми наменети за развојни инвестиции за периодот од 2026 до 2028 година.

**Член 2**

Планот на програмите за развој е преглед на среднорочните проекции на одобрени средства во Буџетот на Град Скопје, по одделни буџетски потпрограми, како и годините во кои истите ќе се реализираат и изворите за нивно финансирање, како што следи:

**Потпрограма ЕАА – Капитални трошоци на општината**

Примарна цел на оваа развојна потпрограма е обезбедување подобри услови за работење на градската администрација, зголемена ефикасност и ефективност во работењето, поголема транспарентност кон граѓаните и бизнис заедницата, како и развој на Smart City Скопје. Реализирањето на оваа цел се планира да се постигне преку набавка и надградба на компјутерски софтвер, како и набавка на информатичка и видео опрема и друга опрема за потребите на градската администрација.

| | БУЏЕТ 2026 | РЕБАЛАНС 2026 | БУЏЕТ 2027 | БУЏЕТ 2028 |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО ЕАА** | **141,243,000** | **145,224,000** | **96,500,000** | **96,000,000** |
| Основен буџет | 108,400,000 | 111,900,000 | 96,500,000 | 96,000,000 |
| Буџет на донации | 32,843,000 | 33,324,000 | 0 | 0 |

1000 Скопје, Илинден бр. 82
Република Северна Македонија
тел: +389 02/ 3297-200, 3297-207
факс: +389 02/ 3116-169

1000 Shkup, Ilinden nr. 82
Republika e Maqedonisë së Veriut
tel: +389 02/ 3297-200, 3297-207
faks: +389 02/ 3116-169

## Потпрограма ГАА – Изградба на комерцијални објекти

Главен проект во оваа програма се предвидува продолжување на реализација на проектот - Забавен парк, кој се одвива во повеќе фази. Ќе се оформи забавен простор за најмладите, атрактивна зона која ќе привлече голем број туристи. Исто така со оваа програма се предвидува зголемување на капацитетите на ЈП Лајка, со што ќе се подобрат условите со справување со уличните кучиња. Воедно се планира реконструирање и опремување на објекти кои се во надлежност на Градот Скопје.

| | БУЏЕТ 2026 | РЕБАЛАНС 2026 | БУЏЕТ 2027 | БУЏЕТ 2028 |
|---|---|---|---|---|
| ВКУПНО GAA | **215,000,000** | **146,000,000** | **274,000,000** | **311,500,000** |
| Основен буџет | 215,000,000 | 146,000,000 | 274,000,000 | 311,500,000 |

## Потпрограма JAA – Изградба на јавно осветлување

Цел на оваа потпрограма е обезбедување на квалитетно јавно осветлување согласно меѓународните стандарди и прописи и тоа на магистралните и собирните улици на подрачјето на Град Скопје. Преку имплементација и одржување на паметен систем за управување со уличното осветлување и платформа за дигитален град, се овозможува поголема безбедност на сите учесниците во сообраќајот како и значителна заштеда на електрична енергија.

| | БУЏЕТ 2026 | РЕБАЛАНС 2026 | БУЏЕТ 2027 | БУЏЕТ 2028 |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО JAA** | **66,000,000** | **63,000,000** | **5,000,000** | **6,000,000** |
| Основен буџет | 66,000,000 | 63,000,000 | 5,000,000 | 6,000,000 |

## Потпрограма JДА – Изградба и реконструкција на локални патишта

Намената на потпрограмата е подобрување и осовременување на патната инфраструктура на подрачјето на Град Скопје, преку реализација на сообраќајните решенија за магистралните и собирните улици со цел решавање на сообраќајните проблеми, преку растеретување на сообраќајот во градот и намалување на сообраќајниот метеж, а со тоа и намалување загадувањето на воздухот од издувните гасови од автомобилите.

| | БУЏЕТ 2026 | РЕБАЛАНС 2026 | БУЏЕТ 2027 | БУЏЕТ 2028 |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО JDA** | **1,045,500,000** | **1,030,500,000** | **2,165,500,000** | **2,262,500,000** |
| Основен буџет | 1,045,500,000 | 1,030,500,000 | 2,165,500,000 | 2,262,500,000 |

## Потпрограма JEA – Изградба на простор за паркирање

Намената на потпрограмата е подобрување и осовременување на решенијата за паркирање на подрачјето на град Скопје, преку изградба на гаражи со цел решавање на сообраќајните проблеми без дополнително оптоварување на јавниот простор, растеретување на сообраќајот во градот и намалување на сообраќајниот метеж со современа, дигитално контролирана инфраструктура и пристап за задоволување на јавниот интерес.

| | БУЏЕТ 2026 | РЕБАЛАНС 2026 | БУЏЕТ 2027 | БУЏЕТ 2028 |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО JEA** | **40,000,000** | **46.000.000** | **70.000.000** | **70.000.000** |
| Основен буџет | 40,000,000 | 46.000.000 | 70.000.000 | 70.000.000 |

## Потпрограма JГА – Изградба на системи за водоснабдување

Одржување и полевање на зеленилото на јавните зелени површини со вода преку подземни бунари, преку изградба на нови подземни бунари во поголемите парковски површини, со што ќе се овозможи активно користење на зелените површини од страна на граѓаните на градот.

| | БУЏЕТ 2026 | РЕБАЛАНС 2026 | БУЏЕТ 2027 | БУЏЕТ 2028 |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО JGA** | **10,000,000** | **10,000,000** | **15,000,000** | **15,000,000** |
| Основен буџет | 10,000,000 | 10,000,000 | 15,000,000 | 15,000,000 |

## Потпрограма JMA-Паркови и зеленило (капитални трошоци)

Намената на потпрограмата е реконструкција и подигнување на јавно зеленило, кое придонесува за подобар изглед на градот и за здрава и чиста животна средина.

| | БУЏЕТ 2026 | РЕБАЛАНС 2026 | БУЏЕТ 2027 | БУЏЕТ 2028 |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО JMA** | **220,000,000** | **230,000,000** | **230,000,000** | **250,000,000** |
| Основен буџет | 220,000,000 | 230,000,000 | 230,000,000 | 250,000,000 |

## Потпрограма JHA- Урбана опрема (капитални трошоци)

Набавка на урбана опрема, клупи, корпи за отпадоци, заштитни столпчиња за зеленило, детски игралишта, кои ќе се поставaт на јавните површини во градот со што ќе се овозможи место за одмор на граѓаните, поголема хигиена и рекреација на децата и возрасните.

| | БУЏЕТ 2026 | РЕБАЛАНС 2026 | БУЏЕТ 2027 | БУЏЕТ 2028 |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО JNA** | **20,000,000** | **50,000,000** | **20,000,000** | **20,000,000** |
| Основен буџет | 20,000,000 | 50,000,000 | 20,000,000 | 20,000,000 |

## Потпрограма КАА-Културни манифестации и творештво (капитални трошоци)

Една од стратешките цели на оваа програма е и реализацијата на активностите поврзани со Европската претстолнина на културата 2028 година, со цел кај граѓаните да се подигне свеста за значењето на оваа престижна титула, со која градот може да го забрза својот економски, социјален и воопшто урбан развој.

| | БУЏЕТ 2026 | РЕБАЛАНС 2026 | БУЏЕТ 2027 | БУЏЕТ 2028 |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО КАА** | **17,940,000** | **30,540,000** | **23,000,000** | **21,000,000** |
| Основен буџет | 13,600,000 | 26,200,000 | 23,000,000 | 21,000,000 |
| Буџет на донации | 4,340,000 | 4,340,000 | 0 | 0 |

## Потпрограма ЛАА-Спорт и рекреација (капитални трошоци)

Оваа развојна потпрограма е наменета за реализација на капитални проекти од областа на спортот. Се предвидуваат средства за изградба на велопатеки, пешачки и трим патеки, јавни површини со тартан, штампан бетон. Потоа поставување фитнес зони, детски катчиња, како и отворени зони на кејот на реката Вардар со справи и реквизити OPEN GYM. Целта на програмата е да се подобри и подигне спортската култура во Град Скопје на едно повисоко завидно ниво.

| | БУЏЕТ 2026 | РЕБАЛАНС 2026 | БУЏЕТ 2027 | БУЏЕТ 2028 |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО LAA** | **1,000,000** | **1,000,000** | **30,000,000** | **30,000,000** |
| Основен буџет | 1,000,000 | 1,000,000 | 30,000,000 | 30,000,000 |

**Потпрограма ЊАА-Противпожарна заштита (капитални трошоци)**

Цел на изградба на нова противпожарна станица е зголемување на човечки и материјално – технички ресурси на БППЗ на Град Скопје. Планирани и очекувани резултати со изградбата на новиот објект е зголемување на брзината на реакција на пожарникарите за технички интервенции, спасување на човечки животи и материјалните добра на граѓаните, институците, трговски друштва, како и ефикасна заштита од пожари во урбани средини и пожари на отворен простор.

| | БУЏЕТ 2026 | РЕБАЛАНС 2026 | БУЏЕТ 2027 | БУЏЕТ 2028 |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО WAA** | **17,000,000** | **27,000,000** | **20,000,000** | **20,000,000** |
| Основен буџет | 17,000,000 | 27,000,000 | 20,000,000 | 20,000,000 |

**Член 3**

Одобрениот План за изменување и дополнување на Планот на програми за развој за периодот 2026 – 2028 година, станува составен дел Буџетот на Град Скопје за 2026 година.

Број 27-6990/1
9 јуни 2026 година
С к о п ј е

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
K Ë SH I LL I I QYTETIT TË SHKUPIT
ПРЕТСЕДАТЕЛ KRYETAR
проф.д-р Даме Димитровски prof.d-r Dame Dimitrovski

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ СКОПЈЕ QYTETI I SHKUPIT-SHKUP REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT